**20141444499**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМАЊЕ И ПРЕСАДУВАЊЕ НА ДЕЛОВИ ОД ЧОВЕЧКОТО ТЕЛО ЗАРАДИ ЛЕКУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за земање и пресадување на делови од човечкото тело заради лекување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 24 септември 2014 година.

Бр. 07- 3626/1
24 септември 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМАЊЕ И ПРЕСАДУВАЊЕ НА ДЕЛОВИ ОД ЧОВЕЧКОТО ТЕЛО ЗАРАДИ ЛЕКУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за земање и пресадување на делови од човечкото тело заради лекување („Службен весник на Република Македонија“ број 47/11, 136/11, 91/13, 164/13, 27/14 и 112/14), во членот 73 став 2 зборовите: „Министерството за здравство“ се заменуваат со зборовите: „Државниот санитарен и здравствен инспекторат“.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.